Архивски број: 08-516/2
02-09-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-516/1 од 16.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Кавадарци, со адреса на [redacted], против Студио телевизија КТВ, со седиште на [redacted] Кавадарци, за извршена дискриминација во областа на медиуми и јавно информирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-516/1 од 16.7.2024 година поднесена од [redacted] против Студио телевизија КТВ ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.7.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Студио телевизија КТВ за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно наводите од претставката, дискриминацијата е сторена со тоа што од страна на Студио телевизија КТВ, кој е регионален јавен телевизиски медиум, на подносителот на претставката не му бил дозволен пристап до медиумот, со што била повредена неговата слобода на изразување.

Имено, на ден 22.2.2024 година тој поднел барање до телевизијата за да му биде овозможен јавен настап за да го изнесе неговото мислење во врска со незаконската наплата на име превоз на огревни дрва од складиштата на подружницата на ЈП Национални шуми Скопје, меѓу кои и од складот на подружницата Шумско стопанство Бор Кавадарци, од страна на правните лица кои добиле тендер за сеча, дотур и превоз на огревни дрва. Барањето го доставил лично и истото било примено лично од [redacted] меѓутоа никогаш не бил исконтактиран од страна на телевизијата иако во барањето го навел неговиот телефонски број. На ден 3.4.2024 година со препорачана поштенска пратка и повратница го обновил барањето, но повторно не добил никаков одговор.
Подносителот не повел судска постапка, а се има обратено до МВР Скопје со допис-Иницијатива за поведување на постапка за оданочување на нелегално стекнат имот од 2.1.2024 година и со Барање од 15.2.2024 година.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*“.

Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*“.

При увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека станува збор за прашања кои не потпаѓаат под горецитираната дефиниција на дискриминација.
Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај подносителот на претставката не изнесе факти и околности кои укажуваат на сторена повреда на право врз дискриминаторска основа.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Доколку смета дека КТВ ги прекршила своите обврски, Комисијата го упатува подносителот да се обрати до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како регулаторно тело кое согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите за телевизиско или радио емитување. Подносителот може да се обрати и до Советот за етика на медиумите на Македонија како само-регулаторно тело во областа на медиумите.

Скопје
02.09.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk